# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО*

***на***

## *ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА СКОПЈЕ*
## *за период*

***Од 01.01- 31.03.2024 година споредено со 01.01-31.03.2023 година***

***Април, 2024 година***

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-3324/1
Дата, Data 10-05-2024
СКОПЈЕ - SHKUP

# 1.ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ НА ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА – СКОПЈЕ

## 1.1. ПРАВЕН СТАТУС

Јавното претпријатие „Водовод и канализација" – Скопје е основано со Одлука за поделба на претпријатието ЈКП Комуналец, во повеќе посебни претпријатија, заведено под број 02-8800/7 од 08.10.1992 година. Врз основа на наведената одлука, извршено е регистрирање во судскиот регистар на Окружниот стопански суд во Скопје, со решение под бр. 1660/92 од 29.12.1992 година.
Управниот одбор на ЈП „Водовод и канализација" – Скопје, донесе Статут заведен под бр. 0202-6023/4 од 09.05.2018 година, за кој претпријатието обезбеди согласност од Советот на Град Скопје.
Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје е заведено во Трговскиот регистар во Основниот суд Скопје 1, според решение, П трег бр. 8116/05 од 23.01.2006 година и изврши усогласување со Законот за јавни претпријатија, со решение трег бр. 6432/99 од 15.10.2001 година, со што е извршено усогласување на основните акти на Јавното Претпријатие со Законот за јавни претпријатија.
Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје е основано од страна на Градот Скопје.

Органи на управување во Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје се:

- Управен одбор составен од 13(тринаесет) члена, со мандат од 4(четири) години, кои ги именува и разрешува Советот на Град Скопје;

- Одбор за контрола на материјално-финансиско работење, составен од 5(пет) члена, со мандат од 4(четири) години, исто така избрани и назначени од Советот на Град Скопје;

- Директор, со мандат од 4 години, кого го именува и разрешува Градоначалникот на Град Скопје.

## 1.2. ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје врши дејност согласно последното усогласување со националната класификација на дејности и тоа:

Основна дејност на Претпријатието е:
36 ***Собирање, обработка и снабдување со вода***
    36.0    Собирање, обработка и снабдување со вода
    36.00   Собирање, обработка и снабдување со вода
37 ***Отстранување на отпадни води***
    37.0    Отстранување на отпадни води
    37.00   Отстранување на отпадни води
Покрај основната дејност, Претпријатието обавува и други дејности:
    43.2 ***Електроинсталатерски, водоводни и канализациски инсталации и други градежни работи***
    43.22 Поставување на инсталации за водовод, канализација, плин и инсталации за греење и клима уреди

71 ***Архитектонски дејности и инженерство; техничко испитување и анализа***

71.1 Архитектонски дејности и инженерство и со нив поврзано техничко советување

71.11 Архитектонски дејности

71.12 Инженерство и со него поврзано техничко испитување

71.2 ***Техничко испитување и анализа***

71.20 Техничко испитување и анализа

## 1.3 ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ – Скопје , се организира така што дејноста ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Законитост , стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите;
2. Техничко - технолошко и економско единство на системот ;
3. Ефикасност и транспарентност во работењето;
4. Развој и усогласеност на сопствениот развој во вкупниот стопански развој на град Скопје;
5. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
6. Трајно , уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците и
7. Самостојност , еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

Претпријатието се организира во следните организациони единици :

**А) СЕКТОРИ**

- Сектор Водовод;
- Сектор Канализација;
- Сектор Механизација;
- Сектор Експлоатација и одржување на капацитети;
- Сектор Третман на отпадни води;
- Сектор за Технички работи и развој;
- Сектор Финансии, сметководство и комерција;
- Сектор Правни и општи работи;
- Сектор Наплата;
- Сектор Човечки ресурси;
- Сектор Меѓународна соработка,проекти и односи со јавност;
- Сектор за ИТ и развој ;
- Сектор Дежурно информативни работи;
- Сектор Санитарна контрола;

**Б) САМОСТОЈНИ ОДДЕЛЕНИЈА**

- Одделение за внатрешна ревизија;
- Одделение за професионална одговорност;
- Одделение за јавни набавки.

Во состав на организационите единици - Сектори се формираат одделенија , а во состав на одделенијата во завосност од техничко-технолошките карактеристики на процесот на работа може да се формираат и микро организациони единици- реони, пунктови и/или оддели.

ЈП Водовод и канализација - Скопје е субјект кој обезбедува единствено услуги поврзани со вода – водоснабдување,одведување и прочистување на урбани отпадни води во градот и голем број на приградски населби.

Во периодот 01.01- 31.03.2024 година , согласно пропишаниот квалитет на водата градот е уредно снабдуван со вода и немало поголеми проблеми во водоснабдувањето и одведувањето на отпадни води .

ЈП Водовод и канализација - Скопје активностите ги извршува преку следните сметки, на ниво на правно лице:

| *Вид на сметка* | *Жиро сметка* | *Депонент банка* |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 320100031345745 | Централна Кооперативна банка |
| Денарска сметка | 300000000536834 | Комерцијална банка - Парични средства на трансак.сметка во ден |
| Денарска сметка | 300000002626311 | Комерцијална банка - Наменска сметка за исплата на плата и надоместоци од плата |
| Денарска сметка | 300000002641249 | Комерцијална банка - Наменска сметка за прием на депозит за учество на тендер |
| Денарска сметка | 300000003801854 | Комерцијална банка - Наменска сметка за деловни потреби |
| Денарска сметка | 300000005010862 | Комерцијална банка - Проек.и изград.на пречистит.станица за отпадни води СК-ЕБРД бр.50376 |
| Денарска сметка | 300000005013772 | Комерцијална банка- Проек. и изградба на пречистит.станица за отпадни води ЕИБ бр.80-649 |
| Денарска сметка | 300000003904480 | Комерцијална банка - Наменска банка за уплата од граѓани |
| Девизна сметка | 0-270100107578 | Комерцијална банка - девизна |
| Денарска сметка | 210045289990132 | Тутунска банка - Парични средства на трансак.сметка во денари |
| Денарска сметка | 210045289990811 | Тутунска банка- Наменска банка за уплата од граѓани(фолио број) |
| Денарска сметка | 200001170462617 | Стопанска банка - Парични средства на транс.сметка во денари |
| Денарска сметка | 200002931409250 | Стопанска банка - Наменска банка за уплата од граѓани |
| Денарска сметка | 500000000729467 | Стопанска банка АД Битола - Парични средства на трансакц сметка во ден |
| Денарска сметка | 240010000862407 | Уни банка - Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| Денарска сметка | 240000117051481 | Уни банка - Наменска с-ка за испл.на плата и надом. од плата |
| Денарска сметка | 250028000016522 | Шпаркасе банка - Парични средства на транс.сметка во денари |
| Денарска сметка | 250101000435893 | Шпаркасе банка - Наменска банка за уплата од граѓани (фолио ) |
| Денарска сметка | 270045289990139 | Халк банка - Парични средства на трансакц. сметка во денари |
| Денарска сметка | 270045289990333 | Халк наменска банка-услуги од граѓани-фолио број |

## 1.4 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Вкупниот број на вработени во ЈП Водовод и Канализација - Скопје по кадрова евиденција со состојба 31.03.2024 година изнесува 1.102 работници, споредени со состојба на 31.03.2023 година од 1.126 работници.

Просечниот број на вработени по работни места за разгледуваниот период во 2024 година изнесува 1.108 работници и споредени со 2023 година, кога бројот на просечно вработени изнесува 1.134 работници.

За периодот 01-03/2024 година просечниот број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период во апсолутен износ изнесува 1.118 работника, намален е за 3,04% во однос на 01-03/2023 година, кога просечниот број на вработени врз основа на часови на работа изнесуваше 1.153.

## 2. ОСТВАРЕНИ ДЕЛОВНИ РЕЗУЛТАТИ

Во првиот квартал за 2024 година (01.01-31.03.2024) ЈП Водовод и канализација – Скопје искажува негативен финансиски резултат – Загуба од редовното работење пред оданочување во износ од *-144,284,652* денари.

Вкупни приходи за периодот од (01.01-31.03.2024) бележат намалување во споредба со истиот период од 2023 година во износ 38,225,208 денари, за анализираниот период вкупните расходи се зголемени во износ од 153,500,439 денари.

Остварената Загуба изнесува ***-144,284,652*** денари.

| ***Р.б.*** | ***Назив*** | ***01-03/2024*** | ***01-03/2023*** | ***Инд.*** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупни приходи | 385,388,226 | 423,613,434 | -9.02 |
| 2 | Вкупни расходи | 529,672,878 | 376,172,439 | 40.81 |
| 3 | Добивка/Загуба пред оданочување | -144,284,652 | 47,440,995 | / |
| 4 | Данок на добивка | / | 5,542,316 | / |
| **5** | ***Нето Загуба по оданочување*** | ***-144,284,652*** | | ***/*** |
| **6** | ***Нето Добивка по оданочување*** | | ***41,898,679*** | ***/*** |

## 2.1. БИЛАНС НА УСПЕХ

За периодот од 01.01.2024 до 31.03.2024 година споредeн со билансот на успех за периодот од 01.01.2023 до 31.03.2023 година :

| Р.б. | Позиции | АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Тековна година 01-03.2024 | Претходна година 01-03.2023 |
| 1 | **I.ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)** | 201 | **376,629,285** | **419,284,166** |
| 2 | Приходи од продажба | 202 | 349,752,574 | 343,857,553 |
| 3 | Останати приходи | 203 | 26,659,445 | 61,546,132 |
| 4 | Капитализирано сопствено производство и услуги | 206 | 217,266 | 13,880,481 |
| 6 | **II.РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)** | 207 | **526,329,534** | **374,194,919** |
| 7 | Трошоци за суровини и други материјали | 208 | 64,250,708 | 67,260,847 |
| 9 | Набавна вредност на продадени материјали,резервни делови,ситен инвентар,амбалажа и автогуми | 210 | 79,631 | 20,302 |
| 10 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 211 | 20,365,250 | 12,500,557 |
| 11 | Останати трошоци од работењето | 212 | 34,115,166 | 14,814,501 |
| 12 | Трошоци за вработените (214+215+216+217) | 213 | 188,024,927 | 161,839,932 |
| 12-а | Плати и надоместоци на плата(нето) | 214 | 123,490,355 | 106,035,930 |
| 12-б | Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 215 | 10,214,459 | 8,387,952 |
| 12-в | Придонес од задолжително социјално осигурување | 216 | 53,671,345 | 46,024,609 |
| 12-г | Останати трошоци за вработените | 217 | 648,768 | 1,391,441 |
| 13 | Амортизација на материјални и нематеријални средства | 218 | 58,679,804 | 60,926,875 |
| 15 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства | 220 | 153,878,216 | 50,879,066 |
| 17 | Останати расходи од работењето | 222 | 6,935,832 | 5,952,839 |
| 18 | **III ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)** | 223 | **8,758,941** | **4,329,268** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Финансиски приходи од односи со поврзани друштва(225+226+227+228)** | 224 | | / |
| 21 | Приходи по основ на камати од работењето со неповрзани друштва | 230 | 8,758,905 | 4,329,268 |
| 22 | Приходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва | 231 | 36 | |
| 25 | **IV ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)** | 234 | **3,343,344** | **1,977,520** |
| 27 | Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 239 | 2,111,045 | 1,595,225 |
| 28 | Расходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва | 240 | 460,837 | / |
| 31 | Останати финансиски расходи | 243 | 771,462 | 382,295 |
| 34 | **Добивка од редовно работење (201+223+244)**--(204-205+207+234+245) | 246 | / | **47,440,995** |
| 35 | **Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+224)** | 247 | **144,284,652** | **/** |
| 39 | Добивка пред оданочување (247+249) или (247-248) | 250 | / | 47,440,995 |
| 40 | Данок од добивка | 252 | / | 5,542,316 |
| **43** | **Нето добивка за деловната година (250-252+253-254)** | **255** | **/** | **41,898,679** |
| 44 | **Нето загуба за деловната година (251+252-253+254)** | 256 | **144,284,652** | **/** |
| | Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ) | 257 | 1,118 | 1,153 |
| | Број на месеци на работење | 258 | 3 | 3 |

Во продолжение дадени се расчленети сите приходи и расходи по категории, нивната структура и споредба со изминатата година како и причините кои влијаеле на нивната висина.

## I. Приходи од работењето
## 1. Приходи од продажба

| Рб | Конто | Елементи | 01-03/2024 | Стр. | 01-03/2023 | Стр | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи и услуги | 349,723,948 | 99.99 | 343,819,927 | 99.99 | 1.72 |
| 2 | 747 | Приходи од наемнини | 28,626 | 0.01 | 37,626 | 0.01 | -23.92 |
| | | ***Вкупно:*** | ***349,752,574*** | ***100%*** | ***343,857,553*** | ***100%*** | **1.71** |

Приходите од продажба по видови дадени се во следната табела:

| Р.б. | Конто | Приходи од продажба | 01-03/2024 | 01-03/2023 | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 740010, 740011 | Приходи од вода | 338,478,395 | 333,775,698 | 1.41 |
| 2 | 740105 | Приходи од фактурирана вода без ДДВ (за проекти финанс. од странс.донатори) | 38,800 | 3,268 | / |
| 3 | 740100-741014 | Приходи од услуги | 4,276,000 | 4,198,105 | 1.86 |
| 4 | 74001111 | Приходи од манипулативни трошоци | 108,244 | 186,616 | -42.00 |
| 5 | 740102 | Приходи од услуги на поврзани субјекти | 6,822,509 | 5,656,240 | 20.62 |
| 6 | 747 | Приходи од наемнини | 28,626 | 37,626 | -23.92 |
| | | ***Приходи од редовно работење*** | ***349,752,574*** | ***343,857,553*** | ***1.71*** |

Приходите од продажба по категории се поделени на приходи од продажба на вода, извршени услуги и манипулативни трошоци за домаќинство и стопанство. Истите се дадени во следната табела:

| *Р.б.* | *Конто* | *Приходи од продажба* | *01-03/2024* | *Стр* | *01-03/2023* | *Стр* | *Инд.* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | **Приходи од продажба на вода** | **338,478,395** | **96.78** | **333,775,698** | **97.07** | **1.41** |
| | 740011 | -приходи од продажба на вода домаќинство | 210,507,437 | 60.19 | 214,307,516 | 62.32 | -1.77 |
| | 740010 | -приходи од продажба на вода стопанство | 127,970,958 | 36.59 | 119,468,182 | 34.74 | 7.12 |
| 2 | 740105 | **Приходи од продажба на вода без ДДВ** | **38,800** | **0.01** | **3,268** | **0.00** | / |
| 3 | 74001111 | **Приходи од манипулативни трошоци** | **108,244** | **0.03** | **186,616** | **0.00** | **-42.00** |
| 4 | **740100-741014** | **Приходи од услуги** (приклучоци,хидротехнички услови, отпушување канализација, испитување и поправка на водомери) | **4,276,000** | **1.22** | **4,198,105** | **0.05** | **1.86** |
| 5 | **740102** | **Приходи од услуги на поврзани субјекти** | **6,822,509** | **1.95** | **5,656,240** | **1.22** | **20.62** |
| 6 | **747** | **Приходи од наемнини** | **28,626** | **0.01** | **37,626** | **0.00** | **-23.92** |
| | | ***Приходи од редовно работење*** | ***349,752,574*** | ***100%*** | ***343,857,553*** | ***100%*** | **1.71** |

Приходот од продажба на вода, односно приход од редовно работење (вода и услуги) го сочинуваат 90,75% од вкупниот приход остварен за период од 01-03/2024 година. Приходите од продажба на производи и услуги бележат зголемување од 1,71 % .

За анализираниот период 01-03/2024 година - кај категоријата на корисници од домаќинство во приходот од продажба на водни услуги се бележи намалување од -1,77% во однос на периодот 01-03/2023 година. Кај категоријата на корисници од стопанство кај приходот од продажба на водни услуги се бележи зголемување за 7,12% во однос на периодот 01-03/2023 година.

**Фактурирана реализација во м3 - водни услуги 01- 03.2024 година:**

| *Категорија на потрошувачи* | *01-03/2024* | *01-03/2023* | *Инд.* |
|---|---|---|---|
| **Домаќинство** | | | |
| Водоснабдување | 6,660,921 | 6,751,661 | -1.34 |
| Одведување на отпадни води | 5,742,007 | 5,880,325 | -2.35 |
| Прочистување | 5,742,007 | 5,880,325 | -2.35 |
| **Стопанство** | | | |
| Водоснабдување | 2,911,614 | 2,626,959 | 10.84 |
| Одведување на отпадни води | 1,847,085 | 1,780,023 | 3.77 |
| Прочистување | 1,847,085 | 1,780,023 | 3.77 |
| ***Вкупно Водоснабдување*** | ***9,572,535*** | ***9,378,620*** | **2.07** |
| ***Вкупно Одведување на отпадни води*** | ***7,589,092*** | ***7,660,348*** | **-0.93** |
| ***Вкупно Прочистување*** | ***7,589,092*** | ***7,660,348*** | **-0.93** |

За период од 01-03/2024 година, вкупно фактурирана количина за водната услуга – Водоснабдување е ***9,572,535* м3** , се бележи зголемување за 2.07% во однос на 01-03/2023 година, за водната услуга Одведување на отпадни води ***7,589,092* м3** се бележи намалување од -0,93% во однос на 01-03/2023 година, и за прочистување на отпадни води ***7,589,092 м3*** , се бележи намалување од -0,93% во однос на 01-03/2023 година.

Фактурираната количина на вода кај категоријата Домаќинство изразена во $м^3$ за водна услуга – Водоснабдување е намалена за -1.34%, за услугата одведување и прочистување на отпадни води се бележи намалување од -2,35 %.

Фактурираната количина на вода кај категоријата Стопанство изразена во $м^3$ за водна услуга – Водоснабдување е зголемена за 10,84%, и за услугата одведување и прочистување на отпадни води се бележи зголемување од 3,77 %.

Приливот на средства во претпријатието (без делот за Паркови и зеленило, Фонд за води и ДДВ) за анализираниот период по категории на корисници даден е во следниот преглед:

| *Категорија на потрошувачи* | *01-03/2024* | *01-03/2023* | *Инд.* |
|---|---|---|---|
| Домаќинство | 171,269,115 | 188,093,021 | -8.94 |
| Стопанство | 104,572,528 | 136,973,043 | -23.65 |
| **Вкупно** | **275,841,643** | **325,066,064** | **-15.14** |

Во период од 01-03/2024 година се бележи намалување на вкупно наплатен износ од -15,14% (помалку за вкупно **49,224,421ден**.). Намалувањето на приливот на средствата во категоријата домаќинство е резултат на намалената наплата на редовни и на тужените побарувања (за 2024 год., на износ од 171,269,115 ден., во 2023 год., 188,093,021 ден.) или за -8,94 %. Наплатата во категоријата стопанство е намалена за -23,65% (во 2024 година износ од 104,572,528 ден., во 2023 год., износ од 136,973,043 ден .)

**Домаќинство:**

| *Опис* | *01-03/2024* | *01-03/2023* | *Инд.* |
|---|---|---|---|
| Редовни сметки | 155,612,468 | 166,345,382 | -6.45 |
| Тужени сметки | 15,656,647 | 21,747,639 | -28.01 |
| **Вкупно** | **171,269,115** | **188,093,021** | **-8.94** |

Намалувањето на приливот на средствата кај категоријата домаќинство е резултат на намалената наплата на редовни побарувања (за 2024 год., на износ од 155,612,468 ден., во 2023 год., 166,345,382 ден.), и наплатата на тужените побарувања е намалена за -28,01%.

**Стопанство:**

| *Опис* | *01-03/2024* | *01-03/2023* | *Инд.* |
|---|---|---|---|
| Редовни смеки | 102,203,085 | 109,590,016 | -6.74 |
| Тужени сметки | 2,369,443 | 27,383,027 | -91.35 |
| **Вкупно** | **104,572,528** | **136,973,043** | **-23.65** |

Кај категоријата стопанство приливот на средствата за редовните и тужените побарувања се намалени за -23,65%, односно намалување на вкупно наплатен во износ од -32,400,515 денари. Во овој сегмент очигледно е намалувањето во наплатата во делот на тужените побарувања за -91,35% како и на редовните побарувања за -6,74%

## 2. Останати приходи

| Рб | конто | Елементи | 01-03/2024 | Стр | 01-03/2023 | Стр | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 76501 | Приход од наплатен главен долг (2024 домаќинство-15.656.647; стопанство 2024-2.369.443 ;кривичен главен долг 2024-12.546 ; 2023 домаќинство-21.747.639; стопанство 2023-27.383.027;кривичен главен долг 2023-12.546) | 18,038,636 | 67.66 | 49,143,212 | 79.85 | -63.29 |
| 2 | 76502 | Приходи од наплатени нотарски и сл.трошоци | 3,096,489 | 11.61 | 5,667,326 | 9.21 | -45.36 |
| 3 | 7651, 7653 | Приходи од наплата на отпишани сметки | / | / | 6,976 | 0.01 | / |
| 4 | 765063 765630 | Приход по основ наплатени застарени побарувања | 725,967 | 2.72 | 1,705,864 | 2.77 | -57.44 |
| | | ***Вкупно*** ***(конто 765-Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврски)*** | ***21,861,092*** | ***82.00*** | ***56,523,378*** | ***9.18*** | ***-61.32*** |
| 5 | ***766*** | ***Приходи од ефект од заштита од ризик од неповрзани друштва*** | / | / | ***121,500*** | ***0.20*** | / |
| 6 | 76992 | Приход по основ на примени донации | 4,338,898 | 16.28 | 4,292,557 | 6.97 | 1.08 |
| 7 | 769 | Останати приходи (наплатени штети за уништен имот осигурување ; приходи од одморалишта и други приходи од минати години) | 459,455 | 1.72 | 608,697 | 0.99 | -24.52 |
| | | ***Вкупно*** ***(конто 769-Останати приходи од работењето*** | ***4,798,353*** | ***18.00*** | ***4,901,254*** | ***7.96*** | ***-2.10*** |
| | | ***Вкупно останати приходи*** | ***26,659,445*** | ***100%*** | ***61,546,132*** | ***100%*** | ***-56.68*** |

Останатите деловни приходи во вкупниот приход на претпријатието учествуваат со 6,91% и истите во првото тромесечие од тековната година, бележат намалување за -56,68% во однос на истиот период од минатата година.

Во рамките на конто **765- Приходи од наплатени отпишани побарувања** и приходи од отпис на обврски, учество имаат приходите за наплатен: главен долг, трошоци и камата од тужени сметки и наплатените отпишани побарувања. Значителен процент на приходите е од главен долг по тужби од домаќинства и стопанство во износ од 18,038,636 денари за период од 01-03/2024 година, наспроти 49,143,212 денари за период од 01-03/2023 година. Приходите од наплатени нотарски и судски трошоци за периодот 01-03/2024 година изнесуваат 3,096,489 денари, а за 01-03/2023 година 5,667,326 денари. Приходите на контото 765 во првото тромесечие од тековната година, бележат намалување од - 61,32% или за 34,662,286 денари помалку.

Во рамките на контото **769- Останати приходи од работењето** евидентирани се: приходите од пресметана амортизација по основ на примени донации за преотстапени средства во износ од 4,338,898, кој иако е трошок во дадениот период, во исто време се искажува како приход бидејќи се работи за донација согласно МСС за спротивставување на приходите и расходите во ист период.

На останатите приходи во овој квартал 01-03/2024 година се евидентирани приходите од наплатени штети од осигурителни компании по основ на пријавени штети за осигурен имот, приходи од минати години и приходи од други надомести во износ од 459,455 денари. Приходите на контото 769 во првото тромесечие од тековната година, бележат намалување за -2,10%.

## 3. Капитализирано сопствено производство и услуги

| *Рб* | *Конто* | *Елементи* | *01-03/2024* | *01-03/2023* | *Инд.* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 7450 | Капитализирано сопствено производство и услуги | 217,266 | 13,880,481 | / |
| | | ***Вкупно:*** | ***217,266*** | ***13,880,481*** | / |

За периодот 01-03/2024 година ЈП Водовод и канализација – Скопје беа реконструирани следните водоводни мрежи во сопствена режија, за што всушност се искажани приходи за капитализирано сопствено производство:

| **Р.бр.** | **Назив** | **Набавено во 2024г.** |
|---|---|---|
| **1** | Дислокација на Ф150 бул.„8-Септември„ | 160,298 |
| **2** | Преповрзување на корисници од стар на нова мрежа(приклучоци) ул.Карл Либкнехт и Лајош Кошут - нас.Маџари | 56,968 |
| | **Вкупно довршена мрежа-Сопствена режија** | **217,266** |

## II.Расходи од работењето

1. Трошоци за суровини и други материјали

| Рб | К-то | Елементи | 01-03/2024 | Стр. | 01-03/2023 | Стр. | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 401 | Трошоци за материјали | 8,772,917 | 13.65 | 6,488,663 | 9.65 | 35.20 |
| 2 | 403 | Трошоци за енергија | 43,248,237 | 67.31 | 42,127,517 | 62.63 | 2.66 |
| 3 | 405 | Трошоци за резервни делови и материјали за одржување | 5,814,942 | 9.05 | 18,323,685 | 27.24 | -68.27 |
| 4 | 408 | Отпис на ситен инвентар,амбалажа и автогуми | 6,414,612 | 9.98 | 320,982 | 0.48 | / |
| | | ***Вкупно:*** | ***64,250,708*** | ***100%*** | ***67,260,847*** | ***100%*** | **-4.48** |

Трошоците за суровини и други материјали учествуваат со 12,13% во вкупните расходи на претпријатието и истите во првото тромесечие од тековната година, бележат намалување од - 4,48%, во однос на истиот период минатата година. Во рамките на оваа група на расходи спаѓаат трошоците за: материјали - конто 401; енергија-конто 403; резервни делови и материјали за одржување-конто 405; како и отпис на ситен инвентар, амбалажа и авто гуми-конто 408.

Во продолжение следи детална поделба на трошоците за материјали К-то 401:

| Рб | Елементи | Конто | 01-03/2024 | Стр. | 01-03/2023 | Стр. | Инд . |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потрошен канцелариски материјал | 4010 | 566,794 | 0.88 | 560,752 | 0.83 | 1.08 |
| | Потрошени суровини, материјали (одржување на пумпени станици, резервоари ) | 40109 | 202,456 | 0.32 | 196,397 | 0.29 | 3.09 |
| | Потрошени резервни делови | 40110 | 324 | / | 12,046 | 0.02 | -97.31 |
| | Потрошени материјали за тековно одржување | 40,111 | 5,258,174 | 8.18 | 3,180,851 | 4.73 | 65.31 |
| | Потрошен материјал за тековно одржување - хлор | 40113 | 1,013,652 | 1.58 | 1,095,914 | 1.63 | -7.51 |
| | Потрошен помошен материјал за одржување хигиена | 4012 | 72,985 | / | 62,707 | 0.09 | 16.39 |
| | Трошоци за униформи, други работни одела и ХТЗ опрема | 4014 | 1,658,532 | 2.58 | 1,379,996 | 2.05 | 20.18 |
| 1 | ***Трошоци за материјали*** | ***401*** | ***8,772,917*** | ***13.65*** | ***6,488,663*** | **9.65** | **35.20** |
| 2 | ***Трошоци за енергија*** | ***403*** | ***43,248,237*** | ***67.31*** | **42,127,517** | **62.63** | **2.66** |
| 3 | ***Трошоци за резервни делови и материјали за одржување*** | ***405*** | ***5,814,942*** | ***9.05*** | **18,323,685** | **27.24** | **-68.27** |
| 4 | ***Отпис на ситен инвентар,амбалажа и автогуми*** | ***408*** | ***6,414,612*** | ***9.98*** | **320,982** | **0.48** | / |
| | ***Вкупно:*** | | ***64,250,708*** | ***100%*** | ***67,260,847*** | ***100%*** | **-4.48** |

**Трошоците за материјали, конто- 401**, ги опфаќаат трошоците за материјали редовно работење и за тековно одржување на водоводната инфраструктура, пумпни и хидрофорски станици, лабараторија, машинобраварска работилница, (во најголем дел, трошоци за материјали за тековно одржување ,трошоци за ХТЗ опрема униформи и други работни одела и обувки и сл.материјал, трошоци за градежните материјали од градежната група од Сектор ЕОК кои се користат за одржување на објектите на претпријатието, потрошокот на канцелариски материјали и сл.материјали.)

Овие трошоци за периодот од 01-03/2024 бележат зголемување за 35,20% во споредба со истиот период од 2023 година, воглавно како резултат на зголемувањето на потрошените материјали за тековно одржување и зголемување на трошок за набавка на униформи, други работни одела и ХТЗ опрема.

**Трошоците за енергија, конто 403**, ги опфаќа: потрошената електрична енергија, бензин, нафта, парно греење и друг вид на енергија, и истите учествуваат со 67.31% во вкупните трошоци за суровини и други материјали и 8,16% во вкупните расходи на претпријатието. Трошоците за енергија бележат зголемување од 2,66% во однос на 01-03/2023 година.

| *Рб* | *Конто* | *Потрошена енергија* | *01-03/2024* | *01-03/2023* | *Инд.* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4030 | Потрошена електрична енергија | 37,485,753 | 36,540,474 | 2.59 |
| 2 | 4033,40331 | Потрошена нафта | 2,618,141 | 2,693,594 | -2.80 |
| 3 | 4034,40341 | Потрошен бензин | 332,948 | 342,075 | -2.67 |
| 4 | 40320 | Потрошено уље | 47,149 | 10,905 | / |
| 5 | 4031,40321, 4035 | Друг вид енергија (парно, плин, нафта за греење) | 2,811,395 | 2,540,469 | 10.66 |
| | | *Вкупно:* | ***43,248,237*** | ***42,127,517*** | **2.66** |

**Трошокот за електрична енергија** од 01-03/2024 година забележува зголемување од 2,59% во однос на истиот период за 2023 година.

**Трошокот за нафта** од 01-03/2024 година, забележува намалување за -2,80% во однос на истиот период за 2023 година и трошокот за бензин бележи намалување за -2,67% . Кај трошокот на уље од 01-03/2024 година се забележува зголемување. Другиот вид на енергија кој го опфаќа потрошокот за нафта за греење, плин, оксигенски боци и дрва и брикети за греење исто така бележи зголемување од 10,66%. Во овој трошок најголем процент е за трошокот за парно греење (јаглен и нафта за загревање) .

**Трошоците за резервни делови и материјали за одржување (к-то 405)** од 01-03/2024 година бележи намалување од -68,27% во однос на периодот од 01-03/2023 година и се однесува на употребените залихи од магацините издадени резервни делови од магацин за тековно одржување на средствата за работа и резервни делови за инвестиционо одржување за реконструкција за тековната година (за тековно и инвестиционо одржување на канализациона и водоводна мрежа ). Издадени се резервни делови од магацин за тековно одржување како што се резервни делови за поправка на улични мрежи, трошок за резервни делови за инвестиционо одржување и трошок за резервни делови вградени во возила.

**Отписот на ситен инвентар (к-то 408)** согласно важечките сметководствени политики усвоени од Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација Скопје бр.05-2860 од 17.03.2008 год. – ситниот инвентар чија поединечна набавна цена е помала од 300 евра, во денарска противвредност и чиј корисен век е пократок од 1 година веднаш се признава книговодствено како расход. На ова конто за анализираниот период во 2024 година се јавува зголемување поради отписот на водомери и радиомодули за далечинско отчитување на водомери кои се верифицираат и заменуваат на секои 5 години на корисници од домаќинство .

## 2. Набавна вредност на продадени стоки и услуги

| *Рб* | *Елементи* | *01-03/2024* | *01-03/2023* | *Инд.* |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавна вредност на продадени стоки и услуги | 79,630 | 20,302 | / |
| | *Вкупно:* | ***79,630*** | ***20,302*** | / |

Трошокот се однесува на вградени делови при изведување на водоводни и канализациони приклучоци за трети лица.

## 3. Услуги со карактер на материјални трошоци

| *Рб* | *Елементи* | *Конто* | *01-03/2024* | *Стр* | *01-03/2023* | *Стр* | *Инд* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поштенски услуги,телефонски услуги и интернет | 411 | 1,242,359 | 6.10 | 1,751,758 | 66.29 | -29.08 |
| 2 | Услуги за одржување и заштита | 413 | 11,298,945 | 55.48 | 8,286,239 | 1.38 | 36.36 |
| 3 | Наемнини – лизинг | 414 | 192,511 | 0.95 | 172,433 | 5.78 | 11.64 |
| 4 | Комунални услуги | 415 | 616,497 | 3.03 | 721,961 | 0.01 | -14.61 |
| 5 | Трошоци за истражување и развој(геодетски елаборат) | 416 | / | 0.00 | 1,552 | 0.00 | / |
| 6 | Останати услуги | 419 | 7,014,938 | 34.45 | 1,566,614 | 12.53 | / |
| | *Вкупно:* | | ***20,365,250*** | ***100%*** | ***12,500,557*** | ***100%*** | **62.91** |

Во следната табела разграничени се трошоците содржани во контото 411 – Поштенски услуги,телефонски услуги и интернет :

| Рб | Елементи | Конто | 01-03/2024 | 01-03/2023 | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за телефонски услуги (мобилни и фиксни телефони) | 41111, 41112 | 445,596 | 331,924 | 34.25 |
| 2 | Поштарина | 4110 | 254,748 | 172,369 | 47.79 |
| 3 | Интернет услуги | 4112 | 542,015 | 497,465 | 8.96 |
| 4 | ГПС Други телекомуникациски услуги | 4119 | / | 750,000 | / |
| | ***Вкупно:*** | | ***1,242,359*** | ***1,751,758*** | **-29.08** |

Трошоците кои се однесуваат за **ПТТ услуги (конто 411)** – телефонија, односно вкупниот износ на потрошени импулси, се трошоци во кои е содржан трошокот за фиксна и мобилна телефонија. Во периодот од 01-03/2024 година, трошокот е зголемен за 34,25%, во однос на 01-03/2023 година (фиксна телефонија 2024 год., во износ од 62,989 ден., мобилна телефонија 2024 год. во износ од 382,607 ден.).

**Конто 413 – услуги за тековно одржување,** во анализираниот период во голем удел е трошок за услугите за превентивно одржување на софтвер и на комјутерска опрема , одржување на самоуслужни апарати за наплата на фактури и одржување на систем за ИП телефонија и трошок за услугите за тековно одржување и попоравка на објекти (одржувањето на пумпите, винклувањето на мотори, услуги за одржување и поправка на просториите, трошоци за ископ на улици и санирање по интервенцијата). На ова конто трошоците за анализираниот период се зголемени за 36,36% во однос на 2023 година.

Трошоците евидентирани на **контата 414 се трошоци за наемнина,** ги опфаќаат трошоците за закупнина и комуналии, на ова конто за анализираниот период се бележи зголемување од 11,64%.

**Контото 415 се комуналните трошоци** (вода,смет,паркинг) поврзани со истата. Комунални услуги бележат намалување од -14.61%, во делот на услуги за собирање и изнесување на смет, пренесување и депонирање на градежен шут од сервис Бутел до депонија Дрисла.

Во продолжение даден е преглед на сите аналитички конта од К-тото 419 – Останати услуги:

| | *Елементи* | *Конто* | *01-03/2024* | *01-03/2023* | *Инд.* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за регистрација на возила | 41901 41902 | 134,120 | 103,432 | 29.67 |
| 2 | Други тошоци за регистрација-надомест за јавни патишта | 41909 | 155,456 | 166,929 | -6.87 |
| 3 | Електронски потпис на ф-ри КИБС | 419120 | 134,751 | 81,570 | 65.20 |
| 4 | Печатење на сметки | 419121 | 2,431,001 | 1,070,065 | 2,27 пати |
| 5 | Услуги за користење на патишта-патарина | 4192 | 2,410 | 1,960 | 22.96 |
| 6 | Услуги на контрола на квалитет и атестирање на вода | 41,932,322 | 86,800 | 134,080 | -35.26 |
| 7 | Теренска активност за истражување на состојбата на водоводна и канализациона мрежа | 419321 | 3,992,400 | 8,578 | / |
| 8 | Анализа на отпад - услуга за контрола на квалитет | 419326 | 52,000 | 0 | / |
| 9 | Останати услуги | 41910,41963 | 26,000 | 0 | / |
| | ***Вкупно:*** | | ***7,014,938*** | ***1,566,614*** | **4,47 пати** |

Трошоците евидентирани на контата 419 - **останати услуги** - во периодот 01-03/2024 година се зголемени за 4,47 пати во однос на 01-03/2023 година, најголемо учество е трошокот за теренската активност за истражување на состојбата на водоводна и канализациона мрежа во износ од 3,992,400 денари. Во 2024 година е зголемен и трошокот за печатење на сметки и печатење на тужби .

## 4. Останати трошоци од работењето

| Р.б | конто | Елементи | 01-03/2024 | Стр. | 01-03/2023 | Стр. | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 442 | Трошоци за надомест и други примања на членови на Управен и надзорен одбор | 1,466,166 | 4.30 | 629,994 | 4.25 | / |
| 2 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | 9,400 | 0.03 | 394,800 | 2.66 | -97.62 |
| 3 | 444 | Трошоци за репрезентација | 272,896 | 0.80 | 54,027 | 0.36 | |
| 4 | 445 | Трошоци за осигурување | 1,289,819 | 3.78 | 702,266 | 4.74 | 83.67 |
| 5 | 446 | Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 728,629 | 2.14 | 1,650,620 | 11.14 | -55.86 |
| 6 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот,членарини и други давачки | 164,774 | 0.48 | 173,348 | 1.17 | -4.95 |
| 7 | 448 | Надомести за лиценци | 984,607 | 2.89 | 1,722,821 | 11.63 | -42.85 |
| 8 | 449 | Останати трошоци на работењето | 29,198,875 | 85.59 | 9,486,625 | 64.04 | 3,07 пати |
| | | ***Вкупно:*** | ***34,115,166*** | ***100%*** | ***14,814,501*** | ***100%*** | **2,3 пати** |

Групата на останати трошоци од работењето во анализираниот период е зголемен за 2,3 пати во однос на истиот период од минатата година. Зголемувањето во најголем дел се должи на останати трошоци на работењето. Зголемувањето на трошокот за услугите за правни, адвокатски и услуги од нотар, евидентирани на **к-то 449** во периодот од 01-03/2024 година, изнесува 29,198,875 денари (2023 год. 9,486,625 денари).

**Конто 445-Трошоци за осигурување** за анализираниот период бележи зголемување од 83,67% .

**Конто 446-Трошоци за банкарски провизии** ги опфаќа провизиите од банките за извршени плаќања од жиро сметките на Претпријатието и истите се намалени за -55,86% во периодот од 01-03/2024 год., во однос на истиот период во 2023 година.

**Конто 449- Останати трошоци од работењето** во најголем дел ги опфаќа трошоците за правни, адвокатски и нотарски услуги и услугите од извршител , поради серија на тужење за неплатени сметки на корисаниците од домаќинство , во период од 01-03/2024 година се бележи зголемување на овој трошок во споредба со истиот период во 2023 година.

Структура на останати трошоци на работењето:

| | Назив | К-то | 01-03/2024 | 01-03/2023 | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Судски трошоци | 44930 | 106,366 | 136,220 | -21.92 |
| 2 | Судски трошоци по пресуди | 44931/32 | 330,841 | 595,086 | -44.40 |
| 3 | Услуги од адвокат- Правни,адвокатски | 44902 | 16,506,092 | 879,533 | / |
| 4 | Услуги од извршител-Правни,адвокатски | 449020 | 11,931 | 162,664 | -92.67 |
| 5 | Услуги од нотар | 449021 | 11,640,392 | 231,252 | / |
| 6 | Услуги за ревизија и проценка | 449093 | 0 | 0 | / |
| 7 | Услуги за преписи и преводи | 44904 | 0 | 39,522 | / |
| 8 | Услуги за вештачење | 44905 | 30,005 | 6,000 | / |
| 9 | Услуги од Агенции за привремени вработувања | 44907 | 342,221 | 6,448,192 | / |
| 10 | Трошоци за медијација | 449050 | 0 | 0 | / |
| 11 | Договор на дело (Претор и Дојран) | 449070 | 7,778 | 11,040 | -29.55 |
| 12 | Трошоци во постапка за медитација | 449094 | 0 | 0 | / |
| 13 | Весници и списанија | 44910 | 4,680 | 11,388 | -58.90 |
| 14 | Стручна литература | 44911 | 4,571 | 22,881 | -80.02 |
| 15 | Огласи | 4494 | 34,280 | 99,630 | -65.59 |
| 16 | Други нематеријални трошоци (изводи интернет услуги за тековна состојба од ЦРМ, одобрение за градба и други неспоменати.) | 4499 ,92 | 169,418 | 139,281 | 21.64 |
| 17 | Други интелектуални услуги и останати | 44909 | | 701,536 | / |
| 18 | Надомест за дозвола за носење на оружје | 449093 | 4,000 | 1,000 | / |
| 19 | Останати (перење автомобили) | 44994 | 6,300 | 1,400 | / |
| | ***Вкупно:*** | | ***29,198,875*** | ***9,486,625*** | **3,07 пати** |

## 5.Трошоци за вработени

(12-а, 12-б, 12-в и 12-г)

| Р.б. | К-то | Елементи | 01-03/2024 | Стр. | 01-03/2023 | Стр. | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12-а. | 42110 42143 | Плати и надоместоци на плата (нето) | 123,490,355 | 65.68 | 106,035,930 | 65.52 | 16.46 |
| 12-б. | 4213-42130 | Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плати | 10,214,459 | 5.43 | 8,387,952 | 5.18 | 21.78 |
| 12-в. | 4212-421230 | Придонеси од задолжително социјално осигурување | 53,671,345 | 28.54 | 46,024,609 | 28.44 | 16.61 |
| | | **Вкупно бруто плата** | **187,376,159** | **99.65** | **160,448,491** | **99.14** | **16.78** |
| 12-г. | | Останати трошоци за вработените | **648,768** | **0.35** | **1,391,441** | **0.86** | **-53.37** |
| | 422 | Надоместоци за пензионирање, трошоци за регрес | 302,312 | 0.16 | 1,193,256 | 0.74 | -74.66 |
| | 4221 | Регрес за годишен одмор | 0 | 0.00 | 30,123 | 0.02 | / |
| | 440 | Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци | 43,660 | 0.02 | 9,895 | 0.01 | 341.23 |
| | 441 | Надоместоци на трошоци на вработените (обука, семинари, здравствени прегледи) | 302,796 | 0.16 | 158,167 | 0.10 | 91.44 |
| | | ***Вкупно:*** | ***188,024,927*** | ***100%*** | ***161,839,932*** | ***100%*** | **16.18** |

Трошоците на вработените, кои се однесуваат на нето платите, придонесите и даноците како и останатите трошоци за вработените (отпремнина за пензија, помош во случај на смрт на вработен , дневниците за службени патувања и обуки на вработените) за период од 01-03/2024 година се зголемени за 16,18% во однос на 01-03/2023 година.

Трошоците на вработените, кои се однесуваат на нето платите, придонесите и даноците како и останатите трошоци за вработените за 01-03/2024 година, зголемени за 16,78%, во однос на 2023 година.

Останати трошоци за вработените се однесуваат на регрес за годишен одмор, патни трошоци и дневници за службени патувања , трошоци за образование и здравствени прегледи на вработените ( отпремнина за пензија, помош во случај на смрт на вработен и сл.) и истите се намалени за период 01-03/2024 година во однос на 2023 година.

Во поглед на учество на трошоците за вработените во вкупниот приход остварен во 01-03/2024 и 01-03/2023 година, состојбата е следнава:

| Р.б. | Опис | 01-03/2024 | Учество | 01-03/2023 | Учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Трошоци за вработени | 188,024,927 | 48.79 | 161,839,932 | 38.20 |
| 2. | Вкупни приходи | 385,388,226 | 100% | 423,613,434 | 100% |

Учеството на трошоците на вработените во вкупните приходи покажуваат зголемување во однос на минатата година поради намалувањето на вкупниот приход во однос на 01-03/2023 година.

Во поглед на учеството на трошоците за вработени во вкупните расходи состојбата е дадена во следната табела:

| Р.б. | Опис | 01-03/2024 | Учество | 01-03/2023 | Учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Трошоци за вработени | 188,024,927 | 35.50 | 161,839,932 | 43.02 |
| 2. | Вкупни расходи | 529,672,878 | 100% | 376,172,439 | 100% |

Учеството на трошоците за вработени во вкупните расходи во периодот од 01-03/2024 година е намален во однос на учеството на истите во периодот од 01-03/2023 за 7,87% поради зголемените вкупни расходи во однос на истиот период .

## 6.Амортизација на материјалните и нематеријалните средства

| Р.б. | К-то | Елементи | 01-03/2024 | 01-03/2023 | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 432 | Трошоци за амортизација (за администрација, управа и продажба) | 58,679,804 | 60,926,875 | -3,68 |
| | | ***Вкупно:*** | ***58,679,804*** | ***60,926,875*** | ***-3,68*** |

Трошокот за амортизација, во анализираниот период бележи намалување од -3,68 %.

**Рекапитулар на набавени основни средства во период од 01-03/2024 година:**

| Р.б. | Основни средства | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Градежни објекти | 9,798,170 |
| 2. | Опрема | 37,598,702 |
| 3. | Нематрејални средства | 5,657,782 |
| 4. | Средства за работа во подготовка | 244,354 |
| | **Вкупно:** | **53,299,008** |

Напомена: Амортизација не се пресметува на средствата за работа во подготовка.

Набавката на градежни средства по видови и сектори се дадени во следната табела:

| Р.бр. | Назив | Набавено во 2024г. |
|---|---|---|
| **Сектор Водовод - Сопствена Режија** | | |
| | Дислокација на Ф150 бул.„8-Септември„ | 160,298 |
| | Преповрзување на корисници од стар на нова мрежа(приклучоци) ул.Карл Либкнехт и Лајош Кошут - нас.Маџари | 56,968 |
| | **Вкупно довршена мрежа-Сопствена режија** | **217,266** |
| | **Вкупно за сектор Водовод:** | **217,266** |
| **Сектор Канализација - Ангажирани изведувачи** | | |
| | Пренасочување на фекална канализација од постоечки атмосферски колектор ф800/1400мм во постоен фекален колектор ф800мм по ул.155 општина Чаир | 9,580,904 |
| | **Вкупно -Ангажирани изведувачи** | **9,580,904** |
| | **Вкупно за сектор Канализација:** | **9,580,904** |
| | **Севкупно:** | **9,798,170** |

Набавката на опрема по видови и сектори се дадени во следната табела:

| р.бр. | назив | кол | набавено во 2024 |
|---|---|---|---|
| 1 | **Сектор експлоатација и одржување на капацитети** | 37 | 26,751,626 |
| 2 | **Раководен тим** | 5 | 377,076 |
| 3 | **Сектор канализација** | 2 | 10,470,000 |
| | **Вкупно:** | **44** | **37,598,702** |
| 1 | **Сектор експлоатација и одржување на капацитети** | | |
| | Пумпа ETN 100-080-250 | 1 | 1,945,000 |
| | Пумпа ETN 125-100-250 | 1 | 2,598,000 |
| | Пумпа AMA DRAINER 303 | 30 | 594,000 |
| | Пумпа KSB MULTITEC V50/2C-3.1 10.167 | 1 | 512,000 |
| | Систем за автоматско управување со фреквентни регулатори и софт стартери | | 14,212,046 |
| | Потопна преносна пумпа за нечиста вода FLYGT | 1 | 351,200 |
| | Ултразвучен мерач на проток и издашност во отворен канал во каптажа Рашче 1 | 1 | 1,996,380 |
| | Пумпа Etanorm 100-080-250 | 1 | 1,945,000 |
| | Пумпа Etanorm 125-100-250 | 1 | 2,598,000 |
| | **Вкупно:** | **37** | **26,751,626** |
| 2 | **Раководен тим** | | |
| | Мобилен SAMSUNG Galaxy S24 Ultra 512GB Gray PUBLIC | 1 | 80,500 |
| | Мобилен SAMSUNG Galaxy S24+ 256 GB Black PUBLIC | 1 | 58,466 |
| | Мобилен Apple IPHONE 15 Pro 256GB Black Titanium PUBLIC | 1 | 77,110 |
| | Мобилен SAMSUNG Galaxy S24 Ultra 512GB Black PUBLIC | 1 | 80,500 |
| | Мобилен SAMSUNG Galaxy S24 Ultra 512GB Violet PUBLIC | 1 | 80,500 |
| | **Вкупно:** | **5** | **377,076** |
| 3 | **Сектор канализација** | | |
| | Возило со опрема за видеоинспекција на линии | 1 | 7,987,000 |
| | Ром смарт приколица про 150/50 | 1 | 2,483,000 |
| | **Вкупно:** | **2** | **10,470,000** |

Преглед на нематрејални средства:

| р.бр. | назив | кол | набавено во 2024 |
|---|---|---|---|
| 1 | **Сектор ЕОК** | | 5,657,782 |
| | **Вкупно:** | 1 | **5,657,782** |
| 1 | **Сектор ЕОК** | | |
| | Апликативен софтвер на програмот за прибирање на сервисни податоци-фаза 2 | 1 | 5,657,782 |
| | **Вкупно:** | | **5,657,782** |

**Преглед на средства за работа во подготовка:**

| Конто | Назив на средството | 31.12.2023 | 31.03.2024 | Вк.активирано |
|---|---|---|---|---|
| I | **Реконструкција на водоводна мрежа** | | | |
| 016234 | Изградба на водоводна мрежа:нов резервоар,пумпна станица,нов потисен цевковод Шуто-Оризари | 76,054,476.00 | | 76,054,476.00 |
| 016265 | Изработка на проект за инфраст.за изградба на вод.фек.и атмосф.на ул.Новопланирана 2 Васил Ѓоргов-крак | 224,895.00 | | 224,895.00 |
| 016268 | Реконструкција на водоводна мрежа по ул.Белградска од ул.Мајка Тереза до ул.Димче Мирчев во Центар | 6,736,616.00 | | 6,736,616.00 |
| 016269 | Реконструкција на водоводна мрежа по ул.Елисие Поповски од ул.Мајка Тереза до ул.Киро Гаврилски | 8,673,356.00 | | 8,673,356.00 |
| 016271 | Изработка на проект за инфраструктура за изградба на вод.фек.и атмосф.на ул.164 и останати,КО Центар 1 | 399,633.00 | | 399,633.00 |
| 016277 | Ревизија на Основен проект за водоснабдување на дел од индустриска зона Визбегово | 185,817.00 | | 185,817.00 |
| 016278 | Реконструкција на водоводна мрежа по дел од ул.Влае и Франц Прешерн- Влае 1 | 5,800,755.00 | | 5,800,755.00 |
| 016279 | Ревизија на Основен проект за реконстр.на постоечка вод.мрежа по дел од ул.Лајош Кошут и ул.Карл Либкнехт | 21,204.00 | | 21,204.00 |
| 016282 | Ревизија на Основен проект за реконстр.на постоечка вод.мрежа по дел од ул.Скупи 3,5,7,9,11 во нас.Злокуќани | 36,052.00 | | 36,052.00 |
| 016302 | Геодетски елаборат за нумерички податоци за водоводна мрежа на бул.Кочо Рацин(пристапни улици кај Зелен пазар) К:О:Центар1 | 58,833.00 | | 58,833.00 |
| 016305 | Реконструкција на водоводна мрежа по ул.Џумајска во нас.Карпош | 7,911,658.00 | | 7,911,658.00 |
| 016328 | Реконструкција на водоводна мрежа по дел од ул.Варшавска-општина Карпош | 13,004,778.00 | | 13,004,778.00 |
| 016332 | Основен проект за шахти за реконструкција на водоводна мрежа по ул.Прашка во нас.Тафталиџе | 255,015.00 | | 255,015.00 |
| 016333 | Основен проект за шахти за реконструкција на водоводна мрежа по сервисна улица дел од бул.Трета македонска бригада | 95,496.00 | | 95,496.00 |
| 016335 | Основен проект за дислокација на вод.мрежа низ „Парк шума„-Г.баба,по ул.Душан Тасковиќ од рез Г.баба до ул.Коце Металец-Железара | 1,838,922.00 | | 1,838,922.00 |
| 016313 | Основен проект за водоводна мрежа по дел од ул.Пролет и по дел од ул.Браќа Миладиновци-општина Центар | 301,187.00 | | 301,187.00 |
| 016339 | Реконструкција на водоводна мрежа по ул. 50-та Дивизија | 110,281.00 | | 110,281.00 |
| 016346 | Реконструкција на водоводна мрежа по ул. Фјодор Достоевски и краци - нас. Влае1 | 77,309.00 | | 77,309.00 |
| 016349 | Ревизија на основен проект на постоечки водовод по дел од улица 4 во с. Бардовци (f-150mm, L=518.50m) | 105,780.00 | | 105,780.00 |
| 016350 | Ревизија на осн. проект за рек.-дислокација на дел од вод. мрежа која минува низ локација-теренот на ФК Скопје во Автокоманда (f200mm L=345.77m)-16 та Македонска бригада,АБ разделна шахта | 60,919.00 | | 60,919.00 |
| 016351 | Ревизија на основен проект за еконструкција на водоводна мрежа по ул.Будимпештанска | 64,868.00 | | 64,868.00 |
| 016353 | Основен проект за реконструкција на водоводна мрежа по ул. | 17,544.00 | | 17,544.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Дренак, опш.Кисела Вода | | | |
| 016354 | Основен проект за реконструкција на дел од водоводната мрежа ф80мм по ул.Црниче,нас.Црниче,општина Кисела Вода | 17,108.00 | | 17,108.00 |
| 016355 | Основен проект за реконструкција на водоводна мрежа по ул.Божидар Аџијата,општина Кисле Вода | 66,612.00 | | 66,612.00 |
| 016356 | Ревизија на основен проект за реконструкција на водоводна мрежа по ул.Ѓорѓи Димитров | 32,401.00 | | 32,401.00 |
| 016357 | Ревизија на основен проект за реконструкција на водоводна мрежа по ул.Отон Жупанчич | 10,835.00 | | 10,835.00 |
| 016359 | Ревизија на основен проект за реконструкција на водоводна мрежа по дел од ул.Димо Хаџи Димов од ул. Томе Арсовски до ул. Народни Херои | 90,757.00 | | 90,757.00 |
| 016363 | Ревизија на основен проект за реконструкција на водоводна мрежа по крак на ул.Палмиро Таљоти во нас.Методија Андонов Ченто | 10,643.00 | | 10,643.00 |
| 016366 | Ревизија на основен проект за водоводна мрежа по ул.Скупи општина Карпош,L=366.87м | 86,995.00 | | 86,995.00 |
| 016368 | Ревизија на основен проект за преповрзување на Скопје-Север на висока зона Шуто Оризари со водовод Ф200L=81.5м | 47,582.00 | | 47,582.00 |
| 016369 | Ревизија на основен проект за реконструкција на водоводна мрежа по јавна површина паралелна со ул.Ташко Караџа | 51,433.00 | | 51,433.00 |
| 016370 | Ревизија на основен проект за реконструкција на водоводна мрежа по дел од ул.Марко Орешковиќ - 4 (висока зона) - опш.Кисела Вода | 32,326.00 | | 32,326.00 |
| 016371 | Ревизија на основен проект за реконструкција на водоводна мрежа по ул.Речиште со краци (покрај каналот Мала Рада) опш.Кисела Вода | 61,744.00 | | 61,744.00 |
| 016373 | Ревизија на основен проект за реконструкција на водоводна мрежа по ул.391 во населба Серава во општина Чаир,ф90Л=92*109.20 | 17,062.00 | | 17,062.00 |
| 016374 | Ревизија на основен проект за реконструкција на водоводна мрежа по дел од ул.Аврам Писевски | 39,628.00 | | 39,628.00 |
